# МАКЕДОНСКО ПРОФАНО СЛИКАРСТВО
(XIX – почеток на XX век)

# PIKTURA PROFANE MAQEDONASE
(XIX – fillimi i shekullit XX)

# MACEDONIAN PROFAN PAINTING
(XIX – beginning of XX century)




К.Ив.В. 1919.



НУ НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
KI GALERIJA NACIONALE E MAQEDONISË
NI NATIONAL GALLERY OF MACEDONIA

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
MINISTRIA PËR KULTURË E REPUBLIKËS SE MAQEDONISË
MINISTRY OF CULTURE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

ОПШИНА ВЕЛЕС
KOMUNA E VELESIT
MUNICIPALITY OF VELES

# МАКЕДОНСКО ПРОФАНО СЛИКАРСТВО
(XIX – почеток на XX век)
# PIKTURA PROFANE MAQEDONASE
(shekulli XIX – fillimi i shekullit XX)
# MACEDONIAN PROFAN PAINTING
(XIX – beginning of XX century)

Чифте амам, ноември 2013
Çifte hamami/Chifte Hamam, Shtator/November 2013

КОСТА ВАНГЕЛОВ
KOSTA VANGELLOV
KOSTA VANGELOV
Оплакување Христово, 1919
Vajtimi i Krishtit
Plainte de Christ

## ВОВЕД

Во XIX век во светот се случува Преродба, односно прогрес на човековата цивилизација во сите сегменти на нејзиното живеење. Ваквите промени се случувале и на македонското тло, но со оглед на познатата општествено - политичка состојба во која се наоѓала државата во овој приод, позитивните промени се движеле со забавен од.

Во Македонската ликовна уметност продолжува поствизантиската традиција на сликање на иконопис и живопис, по нарачка на црквата и младиот граѓански слој, така што сликањето на елементи и мотиви со профана содржина, сè до 80 - те години на XIX век се остварува во рамки на религиозното сликарство.

Меѓу зографите - сликари кои имаат придонес допринос за развојот на македонската ликовна уметност во втората половина на XIX и почетокот на XX век се: Димитар Андонов Папрадишки, Ѓорѓи Зографски, Данаил Несторов Фрчкоски, Коста Вангелов, Ѓорѓи Андонов, Коста Шкодреану, Трајко Муфтински и др. Преку своето творештво тие успеале да се наметнат во прифаќањето на новите ликовни идеи за бавно напуштање на шематизираниот поствизантиски иконопис и живопис, во интерес на скромната појава на македонското профано сликарство. Осамените дела на Теодосиј Зограф и Дичо Зограф, во почетокот и средината на XIX век, само го навестуваат она што во областа на македонската ликовна уметност ќе се случува во наредниот период.

Првите посериозни истражувања во областа на профаното сликарство во Македонија ги направи д-р Антоние Николовски во неговата студија „Македонските зографи од крајот на XIX и почетокот на XX век“ (Андонов, Зографски, Вангеловиќ), Скопје 1984. Националната Галерија на Македонија, во континуитет го истражува и презентира македонското ликовно творештво од периодот на Преродбата со што во голема мера придонесува за согледување на развојниот пат на сликарството во овој период. Во 2005 и 2006 година беа организирани ретроспективни изложби на Димитар Андонов Папрадишки и Ѓорѓи Зографски, додека во 2009 година, беше организирана уште една изложба по повод 150 години од раѓањето на Димитар Андонов Папрадишки. Паралелно со изложбите беа објавени и монографски трудови со нови сознанија за животот и творештвото на Папрадишки и Зографски.

Со изложбата „Македонско профано сликарство“ се обидовме да презентираме дел од македонското ликовно творештво од периодот на Преродбата, кое во голема мера ќе придонесе за расветлување на раниот развој на современата македонска уметност. Пред македонската јавност, покрај познатите и објавени дела, поставени се и досега неизложени дела, позајмени од јавни и приватни колекции.

Голема благодарност за организација на изложбата им должиме на сите институции и семејства, кои ги позајмија своите дела и секако изразуваме благодарност и до Македонската Православна Црква, која секогаш безрезервно ги поддржува нашите проекти поврзани со ликовната уметност во периодот на Преродбата. Особена благодарност упатуваме до Министерството за култура и Советот на општина Велес за финансиската поддршка на изложбата.

**Халиде Палоши**
директор на Националната галерија на Македонија

## HYRJE

Në shekullin e XIX në botë shfaqet Rilindja, përkatësisht progresi i civilizimit njerëzorë në të gjitha segmentet e jetës humane. Ndryshimet e tilla do të manifestohen edhe në trojet maqedonase, por nëse merren parasysh gjendjet shoqërore – politike në të cilën gjendej shteti në këtë periudhë, këto ndryshime pozitive do të manifestohen me ritëm të ngadalësuar.

Në artin figurativ maqedonas, vazhdon tradita pas bizantine e pikturimit të ikonave dhe jetë përshkrimit të shenjtorëve, sipas porosive të kishës dhe shtresës së re qytetar, kështu që pikturimi i elementeve dhe motiveve me përmbajtje profane, deri në vitet e 80 – ta zë shekullit XIX realizohet në suaza të pikturës fetare.

Në mesin e zografëve – piktorëve që kanë dhënë kontribut të rëndësishëm për zhvillimin e artit figurativ maqedonas në gjysmën e dytë të shekullit XIX dhe fillimit të shekullit XX janë: Dimtar Andonov Papradishki, Gjorgji Zografski, Danaill Nestorov Fërçkovski, Kosta Vangellov, Gjorgji Andonov, Kosta Shkodreanu, Trajko Muftinski etj. Përmes krijimtarisë së tyre, ato do t'ia dalin që me sukses të imponojnë pranimin e ideve të reja të artit figurativ për braktisje të realizimit të skematizuar të pikturimit të ikonave dhe jetë përshkrimit të shenjtorëve në stilin pas bizantin, në favor të shfaqjes modeste të pikturës profane maqedonase. Veprat e vetmuara të Teodosij Zografit dhe Diço Zografit, në fillim dhe në mes të shekullit XIX, vetëm do të paralajmërojnë atë që në fushën e artit figurativ maqedonas do të manifestohet në periudhën vijuese.

Hulumtimet e para më serioze në fushën e pikturës profane në Maqedoni do ti realizoj dr. Antonie Nikollovski me studimin e tij: Zografët maqedonas prej fundit të shekullit XIX dhe fillimit të shekullit XX (Andonov, Zografski dhe Vangelloviq), Shkup 1984. Galeria Kombëtare e Maqedonisë, në vazhdimësi hulumton dhe prezanton krijimtarinë figurative maqedonase prej periudhës së Rilindjes, me këtë në masë të konsiderueshme kontribuon për shqyrtimin e rrugës zhvillimore të artit të pikturës në këtë periudhë. Në vitin 2005 dhe 2006, u organizuan ekspozita retrospektive të Dimitar Andonov Papradishki dhe Gjorgji Zografski, kurse në vitin 2009, u organizua edhe një ekspozitë me rastin e 150 vjetorit të lindjes së Dimitar Andonov Papradishkit. Paralelisht me ekspozitat u botuan edhe punimet monografike me informacione të reja për jetën dhe krijimtarinë e Papradishkit dhe Zografskit.

Me ekspozitën "Piktura profane maqedonase" u përpoqëm që të prezantojmë një pjesë të krijimtarisë figurative maqedonase nga periudha e Rilindjes, që në masë të konsiderueshme do të kontribuojë për ndriçimin e zhvillimit të hershëm të artit bashkëkohorë maqedonas. Para opinionit maqedonas, përskaj veprave të njohura, janë prezantuar edhe shumë vepra që nuk janë ekspozuar deri më tani e që janë huazuar nga koleksione publike dhe private.

Falënderime të posaçme për organizimin e ekspozitës deri te të gjitha institucionet dhe familjet që i huazuan veprat e tyre dhe gjithsesi shprehim falënderime edhe për Kishën ortodokse të Maqedonisë, e cila çdo herë pa hezitime i përkrah projektet tona lidhur me artin figurativ gjatë periudhës së Rilindjes. Shprehim falënderime të posaçme ndaj Ministrisë për kulturë dhe Këshillin e komunës së Velesit, për përkrahjen financiare për realizimin e ekspozitës.

**Halide Palloshi**
drejtor i Galerisë kombëtare të Maqedonisë



ДИМИТРИЈА КРСТЕВИЌ, ДИЧО ЗОГРАФ / DIMITRIJA KËRSTEVIQ ZOGRAFI DIÇO / DIMITRIJA KRSTEVIC, DICO ZOGRAPH
Портрет на Јеромонах Самоил / Portreti i murgu Samoi / Portrait of the priest-monk Samoill, 1854

# INTRODUCTION

In the 19th century the world is witnessing a revival, i.e, progress of human civilization in all aspects of its life. These changes also occurred on the Macedonian soil, but given the well known socio-political situation in the country during this period, the positive changes were slow to come.

In Macedonian fine art, the post-Byzantine tradition continued, of painting and icons and frescoes ordered by the church and the young bourgeoisie, so painting elements and motifs with profane content up till the 80s of the 19th century was realized within the boundaries of religious painting.

Among the icon painters who made a significant contribution to the development of Macedonian fineart in the second half of the 19th and early 20th century are: Dimitar Andonov Papradishki, Gjorgji Zografski, Danail Nestorov Frchkoski, Kosta Vangelov, Gjorgji Andonov, Kosta Shkodreanu, Trajko Muftinski etc. Through their work, they were able to impose themselves in the acceptance of new artistic ideas to slowly leave the schematic post-Byzantine icon and fresco painting in the interest of the humble appearance of Macedonian profane painting. The lone works of Teodosij Zograf and Dicho Zograf, inearly and mid 19th century, were only a preface to what was going to happen in Macedonian fine art in the period to come.

The first serious research into the profane painting in Macedonia was done by Dr. Anthonie Nikolovski in his study titled "Macedonian painters of the late 19th and early 20th century (Andonov, Zografski, Vangelovikj)", Skopje 1984. The National Gallery of Macedonia continuously explores and presents Macedonian painting from the Renaissance period, which greatly contributes to the understanding of the development of painting during this period. In 2005 and 2006 retrospective exhibitions were organized of Dimitar Andonov Papradishki and Gjorgji Zografski, and in 2009, another exhibition was organized marking 150 years since the birth of Dimitar Andonov Papradishki. Along with the exhibitions, monographs were published with new insights about the life and work of Papradishki and Zografski.

At the exhibition titled "Macedonian Profane Painting" we tried to present part of Macedonian fine art from the Renaissance period, which will greatly contribute for clarification of the early development of modern Macedonian art. Besides well-known and published works, the Macedonian public will have the possibility to see never before exhibited works, borrowed from public and private collections.

We owe our gratitude for the organizing of the exhibition to all the institutions and families who lent us their works, and of course to the Macedonian Orthodox Church taht always wholeheartedly supports our projects related to fine art of the Renaissance period. Special thanks goes to the Ministry of Culture and the Council of the Municipality of Veles for the financial support of the exhibition.

**Halide Paloshi**
Director of the National Gallery of Macedonia

## ЗА МАКЕДОНСКОТО ПРОФАНО СЛИКАРСТВО

XIX век е период кога Македонија сè уште се наоѓа во рамките на Отоманската империја, но и период кога за прв пат после неколку вековното ропство се јавуваат јасно изразени тенденции за национален развиток на македонскиот народ. Доаѓа до значително зголемување на миграцијата на селското население по градовите што доведува до развој на стопанскиот потенцијал. Како резултат на тоа доаѓа до формирање на македонска граѓанска класа составена главно од занаетчии и трговци, која постепено прераснува во влијателен општествен и економски фактор без чие влијание не можат да се замислат промените во општествено - политичкиот и културниот живот. Станува збор за период одбележан со будење на националната свест, со напуштање на феудалниот поредок и развој на напредни социјални идеи. Меѓутоа стремежите за национална независност, самостоен културен и уметнички живот сè уште се одвиваат во рамки на црковната закрила.

Македонската ликовна уметност во овој период сè уште се движи во рамките на традиционалното византиско и поствизантиско сликарство. Додека во словенечкото, хрватското и црпското сликарство, уште во XVIII век, се појавува најнапред, класицизмот а потоа бидермаерот, романтизмот и реализмот, во Македонија сè уште постои отпор против било каков вид на преобразба и модернизирање на уметноста. Сликарството во овој период во главно е со црковен карактер и својата инспирација ја наоѓа во живописот и иконописот на Света Гора која сè уште претставува моќен уметнички центар на Балканот. Македонските зографи и понатаму го почитуваат традиционалното сликарство кое се темели на поуките и прописите испишани во светогорските ерминии. Во вакви, културно историски услови на македонската ликовна сцена се појавуваат зографите – сликари, кои водени од потребата на младата граѓанска класа, почнуваат да сликаат теми со профана содржина.

Во почетокот на XIX век се појавува **Зографот Теодосиј** од Велес. Точниот датум на неговото раѓање не е познат, но имајќи го предвид фактот дека во 1813 година тој се појавува како наполно афирмиран уметник кој го работи живописот во црквата Успение на Богородица во Ново Село, се претпоставува дека бил роден во осумдесеттите години на XVIIIвек[1]. Неговото дело „Појавата на новото чудо на пресвета Богородица“ подолго време е во фокусот на истражувањата на историчарите на уметноста и сликарите[2]. Но, неговата содржина како и ликовните квалитети, се дефинирани кон крајот на 2005 година кога е заокружен процесот на конзерваториските интервенции врз делото[3]. На сликата е претставено семејството на зографот Теодосиј, во моментот на адорација кон Св. Богородица Скоропомошница, која на чудотворен начин го излекувала болниот син на зографот. Всушност преку оваа слика, зографот Теодосиј илустрира еден сегмент од животот на неговото семејство, семејна драма која благодарение на молитвите кон Св. Богородица има среќна завршница. Делото е насликано во 1813 година и е подарено на црквата Св. Богородица во штипско Ново Село, во знак на благодарност кон Богородица Скоропомошница. Во долниот дел од сликата е испишан опширен текст во кој е објаснета идејата за настанување на сликата.

Теодосиј, неговата жена и синот се облечени во современа градска облека карактеристична за градот Велес во XIX век[4]. На сликата доминира прецизен и чист цртеж кој идеално се вклопува со богатиот и смирен колорит, дело кое според своите ликовни и естетски компоненти, долго време нема да биде надминато[5]. Овие карактеристики зографот Теодосиј го ставаат во ранг на оригинална уметничка појава во македонското штафелајно сликарство во првата половина на XIX век, период во кој македонското сликарство како што веќе напоменавме, сè уште се движи во рамките на црковната уметност.

**Димитрија Крстевиќ - Дичо Зограф (1819-1872/3)**, потекнува од родот Дичовци од дебарското село Тресонче. Дичо Зограф се вбројува меѓу најзначајните мајстори на мијачката школа и еден од најдобрите зографи од XIX век. Неговата почетна сликарска дејност е евидентирана во 1844 година од кога датира и ерминијата што ја препишал од грчки на мијачки дијалект[6]. Создал импресивен опус од над 2000 дела работени во повеќе цркви и манастири во Македонија, Србија, Бугарија, Албанија и Грција. Покрај сликањето икони и живопис, Дичо Зограф слика и портрети на црковни достоинственици. Така во 1849 година го насликал портретот на дебарскиот митрополит Мелитиј, во машката трпезарија на манастирот Св. Јован Бигорски а во седумдесеттите години на XIX век за истиот манастир ги насликал портретите на јеромонахот Теодосиј и игуменот Јоаким. Во 1854 година за манастирот Трескавец го слика портретот на јеромонах Самоил[7]. Во овој случај, Дичо Зограф ги прави првите отстапувања од традиционалното сликарство.

[1] Балабанов, д-р Коста, Галерија на икони, второ издание, Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј Штип, 1988 год., 33 ; Балабанов д-р Коста, Сликата со битова содржина: “Фамилијата на зографот Теодосиј од Велес подарува слика на црквата Успение на Св. Богородица во Ново Село-Штип” како извор за запознавање на старата Новоселска црква и творештвото на Теодосиј Зофграф, Ликовна уметност 1, списание на Друштвото на историчарите на уметност од СРМ, Скопје 1973, 23

[2] Василиев, Асен, Български възрожденски майстори, живописци, резбари, строители, Наука и изкуство, София, 1965, 265-266.; Балабанов, д-р Коста, Галерија на икони…, нав. дело, 33; Балабанов, д-р Коста, Сликата со битова содржина: “Фамилијата на…, нав. дело, 13-23; Николовски, Антоние, Македонските Зографи од крајот на IXX и почетокот на XX век, Андонов, Зографски и Вангеловиќ, Скопје, 1984, 120; Машниќ, М. Мирјана, Николовска-Петрова, Ема, Сликарското дело на Теодосиј Зограф од Велес, Истражување и заштита, Патримониум. Мк, Списание за културно наследство-споменици, реставрација, музеи, Година 1, број 1-2/2007, Центар за културно и духовно наследство, Каламус, Скопје 2007, 230-236; Машниќ, М. Мирјана, Николовска-Петрова, Ема, Сликарското дело на Теодосиј … нав. дело, 231, 233, каде се претпоставува дека првите конзерваторски интервенции ги направил Асен Василиев, за време на истражувањата на уметноста во време на Преродбата во Македонија, кој покрај историчар на уметноста, бил и конзерватор. Конечната конзервација ја направи Ема Петрова-Николова во соработка со Зоран Јаневски и Дафина Балабанова.

[4] Балабанов, д-р Коста, Галерија на икони…, нав. дело, 33

[5] Николовски Антоние, Македонските Зографи од крајот на XIX и … нав. дело, 26

[6] Василиев, Асен, Български възрожденски ... нав. дело, 179-180

[7] Сликата денес е изложена во Галеријата на икони во Прилеп

Јеромонах Самоил е стварна и современа личност со продуховен поглед и индивидуални црти на лицето[8]. Облечен е во монашка облека, во десната рака држи крст и бројници, а во левата отворен свиток. Амбиентот во кој е сместен ликот, отворениот свиток, ангелот во десниот горен агол и широко третираните очи, ги носат карактеристиките на црковната уметност од XIX век. Реалистичниот пристап во обработката на лицето и настојувањето да се предадат карактерните особини на ликот упатуваат на историскиот обид на Дичо Зограф за отстапување од шаблонот на црковното сликарство и претставување на стварна, современа личност.

**Димитар Андонов Папрадишки** зазема доминантно место во поновата историја на нашата ликовна уметност. Се родил во 1859 година во Велешкото село Папрадиште. Живеел во патријархална средина, опкружен со самоуки зографи со мошне скромни ликовни можности, кои биле воспитувани во духот на локалната византиска традиција. Далеку од европските уметнички центри, тие исклучиво го негувале конзервативното сликарство и стилот на средновековниот живопис и иконопис. Почетоците на неговата сликарска активност се регистрирани во осумдесеттите години на XIX век, период обележан со напуштање на пост византискиот иконопис и живопис и појава на профаното сликарство во Македонија[9].

Сигурен во своите творечки можности, тој релативно млад се осамостојува во својата работа и почнува со истражување и откривање на тајните во светот на сликарството. Нему му припаѓа улогата на предводник и промотор на новите ликовно - естетски насоки и определби во областа на сликарството во преродбенскиот период. Голем придонес за тоа секако имаат и неговиот престој во Русија и остварените контакти со руското црковно сликарство, неговиот престој во Софија и на Св. Гора, како и заедничката работа со некои поистакнати македонски зографи. Следејќи ги искуствата на Руските уметници, Андонов безрезервно ја прифаќа идејата за идеализација и префинет изглед на лицата на светителите. Така во целото негово творештво настојувањето да слика „убави“ ликови до степен на идеални остварувања е негова трајна преокупација и златна нишка што му дава печат на неговото сликарство.

Покрај многубројните творби од областа на црковното сликарство, Андонов паралелно насликал и значителен број дела со профана содржина, работени во духот на провинциски академизам, со елементи на наивен романтизам. Релативно рано почнува да го обработува човечкиот лик сликајќи портрети, интимни портрети и фигурални композиции. На своите платна, Андонов ги претставува луѓето од неговото семејство, неговите современици и луѓето од различни општествени слоеви: дипломати, учители, свештеници, трговци, занаетчии како и истакнати личности од воената и цивилната турска власт. Тој е еден од ретките наши уметници што се инспирира од нашето револуционерно минато, македонскиот фолклор и обичаи, како и од македонската народна носија. Овие негови остварувања колку и да ни изгледаат наивни, сепак го изразуваат националниот момент што за Папрадишки бил мошне значаен уште од неговата најрана младост.

**Ѓорѓи Зографски** е втора уметничка личност (после Папрадишки) преку чие ликовно творештво се согледува развојот на профаната уметност во Македонија во XIX век. Се родил во село Папрадиште, Велешко во 1871 година а потекнува од Рензовско - Зографскиот род, од мијачкото село Тресонче чии предци се занимавале со градителство, зографство, иконопис и копаничарство. Зографски е доследен следбеник на творештвото на Димитар Андонов Папрадишки и заедно го чекорат новиот период во развојот на ликовната уметност во Македонија[10].

Од најраното детство, Зографски почнал да го придружува својот татко на неговите печалбарски патувања со цел да го учи зографскиот занает. Во 1887 година заминува на кратко школување во Петроград и Москва, што секако има огромно значење за понатамошниот тек на неговиот живот и творештво. Особено значаен е неговиот престој во Софија, каде во крајот на XIX век се случуваат коренити промени во сликарството под влијание на тамошните академски сликари кои се школувале во Западна Европа. Сето ова позитивно влијаело врз неговото размислување и ориентација кон обработка на теми со профана содржина. Од овој период (пред 1894 година) датира и едно од неговите најдобри остварувања „Портретот на девојче“. Преку мошне грижливо и педантно изведената пластичност на лицето, благата насмевка и погледот што зрачи со милост, Зографски успева да ја долови надворешната а истовремено и внатрешната убавина на девојчето. Обработката на косата, крупните очи, чистото и нежно лице и врат, говорат за врвно дело кое Зографски го насликал на почетокот на својата кариера.

Во 1907 година, по смртта на неговиот татко Јаков, Зографски заминува за Ниш каде отвора свое ателје и работи икони за повеќе цркви и манастири во околината на Ниш. Во овај период тој сликал и портрети на познати свештени и политички личности од Србија. Во 1912 година Зографски се враќа во Велес. Периодот што следува се смета за еден од поплодните периоди во неговото творештво. Покрај икони и живопис, тој во овој период слика и голем број портрети на познати личности, трговци, занаетчии и негови пријатели од Велес. На тој начин Зографски стекнал голем авторитет на сликар кој спонтано ги прифатил новите ликовни струења во уметноста, го збогатил својот ликовен репертоар со нови ликовни идеи и содржини, со теми инспирирани од секојдневниот живот и непосредната околина.

Меѓу зографите - сликари кои имаат значаен придонес за развојот на македонската ликовна уметност во втората половина на XIX и почетокот на XX век е личноста на **Коста Вангелов (1875-1932)**, по потекло од Штип. Основното училиште и гимназијата ја завршил во Штип, а потоа заминал за Бугарија,

[8] Во овој период бил јеромонах во манастирот во Зрзе.; Мацан Елена, Македонски пејзаж, Уметничка галерија, Скопје, 1950-1960, Скопје, 1960, 1

[9] Повеќе за животот и творештвото на Димитар Андонов Папрадишки види во: Николовски Антоние Македонските зографи од крајот на XIX и почетокот на XX век (Андонов, Зографски и Ванѓеловиќ), Скопје, 1984, 39-163; Алексоска Славица, Величковски Владимир, Димитар Андонов папрадишки (1859-1954), Ретроспектива, Национална галерија на Македонија, Скопје, 2005; Алексоска Славица, 150 години, Димитар Андонов Папрадишки (Папрадиште 1859 - Скопје, 1954), Национална галерија на Македонија, Скопје, 2009

[10] Повеќе за животот и творештвото на Ѓорѓи Зографски види во: Николовски, Антоние Македонските зографи од крајот на XIX и почетокот на XX век (Андонов, Зографски и Ванѓеловиќ), Скопје, 1984, 39-163; Алексоска Славица, Величковски Владимир, Ѓорѓи Јаковов Зографски (1871-1945), Ретроспектива, Национална галерија на Македонија, Скопје, 2006

во Софија, кај познатиот софиски фотограф Карастојанов. По извесно време се вратил во Штип каде работел како фотограф сè до 1900 година кога заминал најпрво во Србија а потоа во Австрија за на крај да се врати во Србија и се насели во Војводина, Рума. Во овај период Вангелов ги насликал портретите на Олга Шатриќ (1910) од Рума и Јован Савев (1914) од Штип. По тринаесет години се враќа во Штип, веќе како оформен сликар. Делата насликани во овој период говорат за негово солидно познавање на иконографијата како и смислата за уедначеност и експресивност на боите.

Во 1917 година настанало едно од неговите најуспешни дела „Оплакување Христово". Не се знае точно по чија нарачка била изработена сликата, но има податоци за понатамошното движење на нејзината сопственост. Имено во 1920/21 година сликата била дадена како една од наградите на големата томбола која била организирана во Штип а ја добиле четворица пријатели кои купиле заеднички лоз. Подоцна, сопственик ка сликата бил Коле Герасимов кој и ја поклонил на црквата Успение на Св. Богородица во Ново Село[11].

Во композицијата нема никаква трага од старата византиска иконографија, во која мртвото Христово тело го оплакува Богородица, Св. Јован Богослов, Јосип од Ариматеја, Никодим и Марија Магдалена а настанот е драматизиран со многу движења и мимики. Овде се претставени само две фигури: Мртвото Христово тело положено на одар и Богородица која плаче над мртвиот син, во долниот дел од одарот. Во позадина е насликана монолитна карпа низ која продира слаба светлина која на композицијата и дава дополнителна мистичност. Сè природно и едноставно. Дури и тагата на Богородица за мртвиот син е искажана дискретно преку изразот на лицето и стисокот на рацете. Само трновиот венец покрај одарот и придушениот светлосен нимб над главата на Христос, укажуваат дека овде станува збор за композицијата „Оплакување Христово". И тука Вангелов, ликот на Богородица го заменува со ликот на жена - мајка, очигледно под влијание на творештвото на Урош Предиќ, карактеристично за творештвото во неговата втора фаза.

**Ѓеорѓи Андонов** се родил во 1862 година во село Гари. Потекнува од познатата фамилија зографи, Ангелковци кои претежно се занимаваат со живописување на цркви и манастири во Македонија[12]. Податоци за работата на родот Ангелковци наоѓаме кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век[13]. Димитар Андонов (1856-1934), Георги Андонов (1862-1933) и Нестор Андонов (1866-1926) се синови на зографот Андон Петров кои работеле иконопис и живопис во цркви во Прилепско, Кавадаречко и Мариово. Во 1891 година ја живописале црквата Св. Спас во село Кален, а нешто подоцна и црквата Вознесение Христово во прилепското село Долнени[14]. Ѓеорѓи Андонов заедно со неговиот брат Димитар по покана на битолскиот владика по 1921 година работеле на обнова на живописот во црквите во Прждево и Долна Драчевица[15].

Единствено до сега негово познато дело од профан карактер е сликата „Пасторала" насликана во 1915 година по нарачка на учителот Пано Коцев од Ваташа. Нарачателот побарал да се наслика првиот чин од театарската пиеса „Македонска крвава свадба", од Војдан Чернодрински. Андонов насликал вистинска селска идила во која се è смирено, ведро и искрено. Во преден план се насликани овчарот кој свири на кавал покрај своето стадо, три женски и една машка фигура, облечени во празнична селска облека, како работат на нива, овчарско куче и лулка со дете. Ѓорѓи Андонов насликал пасторална композиција во која повеќе од очигледно е влијанието од иконописот и живописот од XIX век[16]. Влијанието од црковното сликарство е очигледно и врз пејзажот, а нежниот колорит во кој е обвиткана целата композиција дава атмосфера на еден летен, селски работен ден во Македонија[17].

Еден од поталентираните и пообразовани сликари од родот Фрчковски, е **Данаил Несторов, Фрчкоски**, роден во Галичник (1870-1950). Зографскиот занает го научил од неговиот татко Нестор Трајанов. Работел икони и живопис за повеќе цркви и манастири во Бугарија и Македонија, додека теоретските знаења ги црпел од две ерминии: едната што му припаѓала на неговиот татко а другата на Дичо Зограф од Тресонче[18]. Насликал околу 36 цркви во Тетовско и Гостиварско[19] а негово најпознато дело е иконостасот за црквата Св. Кирил и Методиј во Тетово. Тука очигледен е неговиот обид за постепено напуштање на конвенционалното, традиционално сликарство, во однос на поранешните негови творби, работени во духот на религиозното сликарство.

Едно од неговите дела до кое дојдовме непосредно пред самиот крај на подготовката на изложбата е сликата „Неверството на Тома". Исус Христос и апостол Тома се дадени во попрсја, во моментот кога апостол Тома ги допира Христовите ребра, како би поверувал во неговото воскресение. Двете фигури се насликани грижливо и педантно со убаво моделирани и префинети лица. Во композицијата не се насетуваат никакви траги од традиционалното сликање на композицијата „Неверството на Тома", каде се присутни сите дванаесет апостоли, дејството се случува во ентериер на црква а околу главата на Исус Христос има ореол.

**Коста Шкодреану** се родил во втората половина на XIX век. Неговото семејство потекнува од Скадар[20]. Завршил фармација а ликовна академија посетувал во Виена. По враќањето ги работи и двете професии. Во Крушево се оженил со сестрата на сликарот Никола Мартиноски,

[11] Балабанов, д-р Коста, Галерија на икони, второ издание, Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј Штип, 1988 год., 43

[12] Василиев, Асен, Български възрожденски ... нав. дело, 241

[13] Василиев, Асен, Български възрожденски ... нав. дело, 179-180, Први податоци за родот Ангелковци наоѓаме кон крајот на XVIII почетокот на XIX век. Првиот е Ангелко и неговиот син Петар. Петар имал два сина: Спас и Андон кои работеле во Прилепско, Кавадаречко и Мариово. Андон имал тројца синови: Димитар, Георги и Нестор Андонови.

[14] Николовски, Антоние, Прилеп и Прилепско низ историјата. Од праисторијата до крајот на Првата светска војна, книга прва, Институт за национална историја-Скопје, Прилеп, 1971, 234

[15] Грозданов Цветан, Уметноста и културата на 19 век во Западна Македонија, студии и прилози, Фондација Трифун Костовски, МАНУ, Скопје 2004, 163,183

[16] Овчарот со своето стадо, како свири на кавал, детето во лулка и пејзажот се елементи кои се среќаваат во композицијата Рождество Христово.

[17] Мацан, Елена, Македонски пејзаж, Уметничка галерија, Скопје, 1950-1960, Скопје, 1960, 3

[18] Василиев, Асен, Български възрожденски … нав. дело, 224

[19] Василиев, Асен, Български възрожденски … нав. дело, 224

[20] Антоние Николовски, Македонските зографи …, нав. дело, 31

Шундика[21]. Негово најпознато остварување во областа на сакралното сликарство е иконостасот во црквата Св. Константин и Елена во Битола насликан во 1905 година[22]. Шкодреану, како и неговите современици полека ги напушта традиционализмот и византиското разбирање на живописот и иконописот како и догматските, шематизирани решенија во црковното сликарство од втората половина на XIX век и внесува класицистички, романтичарски и реалистички елементи во своето сликарство.

Двете до сега познати профани дела од Коста Шкодреану: „Автопортрет“ (1902) и „Портрет на дете“ (1900), се изложени во поставката на Националната Галерија на Македонија. Автопортретот е насликан во десен полу профил со малку подигната глава. Облечен е во градска облека: темносино одело, бела кошула со подигнати јаки и темна вратоврска. Гордата поставеност на неговото тело и замислениот, романтичен поглед, укажуваат на тоа дека се работи за чувствителна, но истовремено интелигентна, исполнета и реализирана личност. Во позадина видлива е интензивна бела светлина која во вид на ореол е поставена околу главата.

И во делото Портрет на дете, Шкодреану се покажува како мајстор во прикажувањето на човековиот лик користејќи меки преоди при моделација на ликот.

**Тајко Муфтински** се родил во 1892 година во Куманово во семејство кое потекнува од селото Коњух, Кратовско. Детството го поминал во Куманово а се школувал во Белград, Загреб и Прага. Уметничко училиште завршил во Белград во класата на професорот Бета Вуканович. Школувањето го продолжил во Загреб каде негов професор бил Влахо Буковац[23]. Најраните дела на Муфтински се икони и живопис кои ги работел во црквите во околината на Куманово, Прешево, Врање и Белград. Своите највисоки уметнички квалитети во црковното сликарство ги достигнал сликајќи го живописот во манастирската црква Св. Ѓорѓи во Бељаковце во 1937 година[24].

Во слободното време сликал дела со сцени од секојдневниот живот: портрети, мртва природа, пејзажи со градски, селски и приморски мотиви. Во пејзажите се чувствуваат слободни потези, за разлика од портретното сликарство во кое доаѓа до израз графичкиот реализам во обликувањето на ликот. Освен портрети на обичните луѓе Муфтински сликал портрети на високи српски достоинственици како: карал Милутин, Св. Сава Српски, Св. Арсениј, Цар Душан и др. За манастирот Прохор Пчињски во 1918 година го насликал Портретот на игумен Влаимир Протиќ. Портретот е насликан на внатрешната страна на западниот ѕид каде се насликани повеќе свештено - монашки лица заслужни за обновата на манастирот. Игумен Владимир Протиќ е облечен во туника со широки ракави и црвен појас околу половината. Има долга, негувана коса и брада и ведар израз на лицето[25]. Портретот на татко му кој се наоѓа во Национална Галерија на Македонија го насликал во 1932 година. Портретот е насликан во десен полу профил, облечен е во градска облека: темно окер одело, бела кошула и темно окер вратоврска. На лицето доминира окер инкарнат а физичкиот изглед е доловен преку впечатливите, широки, надолу закосени мустаќи и карактеристичен остар нос.

И покрај бројноста на делата Муфтиски зад себе оставил мал број на изложби. На почетокот неговите дела биле изложувани во трговскиот дуќан на татко му. Во 1960 година ја направил единствената изложба во тогашниот ресторан Палас во центарот на Куманово[26]. Во периодот пред и после втората светска војна Муфтински изработил повеќе од 200 ликовни дела од кои стотина се подарени на Музејот во Куманово.

* * *

Историјата на сликарството од периодот на Преродбата па сè до појавата на современата македонска уметност не е доволно истражувана и сè уште е во фаза на проучување. Во изминатиот период од страна на нашите историчари на уметноста, направени се делумни напори за проучување на оваа празнина во временски распон од повеќе од еден век, која поврзува два мошне богати периоди: Византискиот период кога на Македонската почва биле подигнати цркви украсени со извонреден живопис и икони (Курбиново, Нерези, Св. Софија), од една страна, и периодот на појавата на македонската модерна уметност (Пандилов, Личеноски, Мартиноски). Меѓутоа за целосно расветлување на овај значаен период за развојот на македонското профано сликарство, потребни се уште многу дополнителни систематски истражувања.

**Славица Алексоска**, виш кустос

[21] Борис, Петковски, Никола Мартиноски, Уметничка галерија – Скопје, Скопје, 1997, 34, каде стои дека во Крушево Мартиноски го помагал народноослободителното движење и преку својот зет, аптекарот Шкодреану кој им праќал лекови на партизаните.
[22] Ѓоргиевски, Науме, Значајни личности за Битола, Култура, НУБ Св. Климент Охридски, Битола, Битола 2010, 237
[23] Крстиќ, Славица, Трајко Муфтински прввиот кумановски зограф и сликар (по повод 50 години од неговата смрт)
[24] Крстиќ, Славица, Трајко Муфтински … нав. дело, 3-4
[25] Павловиќ, Трифун, Игуман Владимир, Православље, новине Српске Патријаршије, бр. 1005
[26] Крстиќ, Славица, Трајко Муфтински … нав. дело, 4

ДИМИТАР АНДОНОВ ПАПРАДИШКИ / DIMITAR ANDONOV PAPRADISHKI / DIMITAR ANDONOV PAPRADISHKI
Пејзаж / Peizazhi / Landscape, 1897



ТЕОДОСИЈ ЗОГРАФ / TEODOSIJ ZOGRAF / THEODOSY ZOGRAPH
Појавата на новото чудо на Пресвета Богородица / Shfaqja e mrekullisë së re të Shën Mërisë / The Appearance of the New Miracle of the Holy Virgin, 1813 (1828)



## PËR PIKTURËN PROFANE MAQEDONASE

Shekulli XIX është periudha kur Maqedonia akoma gjendet në suaza të Perandorisë osmane, por edhe një periudhë kohore kur për herë të parë pas robërisë shumë shekullore do të shfaqen tendenca qartë të shprehura për zhvillim kombëtarë të popullit maqedonas. Në këtë periudhë vjen deri te zmadhimi i konsiderueshëm i migrimeve të popullatës fshatare nëpër qytete që rezulton me zhvillimin e potencialit ekonomik. Si rezultat i kësaj vjen deri te formimi i klasës qytetare maqedonase që kryesisht përbëhet prej zejtarëve dhe tregtarëve, klasë e cila gradualisht do të zhvillohet në një faktor të rëndësishëm shoqërorë dhe ekonomik, pa ndikimin e së cilës nuk do të mund të paramendohen ndryshimet në jetën shoqërore – politike dhe kulturore. Bëhet fjalë për një periudhë që karakterizohet me zgjim të vetëdijes kombëtare, braktisje të rendit feudal dhe me zhvillim të ideve sociale përparimtare. Megjithatë, synimet për pavarësi kombëtare, për jetë të pavarur kulturore dhe artistike, akoma zhvillohen në suaza të ndikimeve kishtare.

Arti figurativ maqedonas i kësaj periudhe lëviz në suaza të pikturës tradicionale bizantinase dhe pas bizantinase. Derisa në pikturën sllovene, kroate dhe serbe, qysh në shekullin XVIII, së pari do të shfaqet klasicizmi dhe më pas bidermaeri, romantizmi dhe realizmi, në Maqedoni akoma hetohet rezistenca ndaj çfarëdo lloji të transformimeve dhe modernizimeve në fushën e artit. Piktura, në këtë periudhë kohore, kryesisht ka karakter kishtarë dhe inspirimet e veta i gjen në jetë përshkrimin e Malit të Shenjtë, që akoma paraqet një qendër të fuqishme artistike për Ballkanin. Zografët maqedonas edhe më tej do ta respektojnë pikturën tradicionale që bazohet në mësimet dhe dispozitat e përcaktuara në ermenitë e Malit të shenjët. Në kushte të tilla kulturore dhe historike në skenën figurative maqedonase do të shfaqen piktorët – zografët, të cilët do të udhëhiqen nga nevojat e imponuara të klasës së re qytetare, dhe do të fillojnë të pikturojnë tema me përmbajtje profane.

Në fillim të shekullit XIX në skenën artistike do të shfaqet Zografi Teodosij nga Velesi. Data e saktë e lindjes së tij nuk njihet, por duke pasur parasysh faktin - se në vitin 1813 ai shfaqet si një artistë i afirmuar duke pikturuar jetë përshkrimin në kishën Triumfi i Shën Mërisë në Novo Sellë, supozohet se ai ka lindur në vitet e tetëdhjeta të shekullit XVIII. Vepra e tij "Shfaqja e mrekullisë së re të Shën Mërisë" një kohë të gjatë do të gjendet në fokusin e hulumtimeve nga ana e historianëve të artit dhe nga ana e piktorëve në përgjithësi. Por opusi dhe cilësitë artistike të këtij artisti do të definohen kah fundi i vitit 2005, kur do të përfundoj edhe procesi i intervenimeve konservuese mbi veprën artistike. Në këtë vepër artistike është prezantuar familja e zografit Teodosij, në çastin kur adorimi ndaj Shën Mërisë ndihmëses, e cila me mrekulli do të shëroj fëmijën e sëmurë të zografit. Përkatësisht përmes këtij punimi, zografi Teodosij ilustron një segment të jetës së familjes së tij, një dramë familjare, e cila duke i falënderuar lutjeve të drejtuara drejtë Shën Mërisë do të ketë një përfundim të lumtur.

Vepra është pikturuar në vitin 1813 dhe i është dhuruar kishës Shën Mëria në Novo Sellë të Shtipit, në shenjë të falënderimit ndaj Shën Mërisë ndihmëses. Në pjesën e fundit të pikturës është shkruar një tekst i përgjithësuar në të cilin është sqaruar ideja për realizimin e pikturës.

Teodosiu, gruaja dhe fëmija i tij janë të veshur me rrobe bashkëkohore qytetare, karakteristike për qytetin e Velesit në shekullin XIX. Në pikturën dominon një vizatim preciz dhe i pastër i cili idealisht përputhet me koloritin e pasur dhe të qetë, vepër e cila sipas komponentëve figurative dhe estetike, një kohë të gjatë nuk do të tejkalohet. Këto karakteristika, zografin Teodosij do ta pozicionojnë në rangun e një dukurie origjinale artistike në pikturën maqedonase në gjysmën e parë të shekullit XIX, periudhë kjo në të cilën piktura maqedonase, siç u përmend më lartë, akoma lëviz në suaza të artit kishtarë.

**Dimitrija Kërsteviq – Zografi Diço (1819-1872/3),** ka prejardhje nga fisi Diço nga fshati Tresonçe. Zografi Diço radhitet në mesin e mjeshtërve më të rëndësishëm të shkollës mjake dhe si njëri prej zografëve më të mirë të shekullit XIX. Veprimtaria e tij fillestare artistike është evidentuar në vitin 1844 prej kur daton edhe erminia që është përshkruar nga dialekti mjak grek. Ky artist ka krijuar një opus mbresëlënës prej më shumë se 2000 vepra, të realizuara në më shumë kisha dhe manastire në Maqedoni, Serbi, Bullgari, Shqipëri dhe Greqi. Përskaj pikturës së ikonave dhe jetë përshkrimeve të shenjtorëve, zografi Diço pikturon edhe portrete të personave të spikatur të jetës kishtare. Kështu në vitin 1849 ai do të pikturoj portretin e mitropolit Melitij të Dibrës, në trapezarinë mashkullore të manastirit Shën Jovan Bigorski, kurse në vitet e shtatëdhjeta të shekullit XIX për manastirin e njëjtë, ai do ti pikturoj portretet e murgut Teodosij dhe igumenit Joakim.

Në vitin 1854 për manastirin Treskavec ai do të pikturoj portretin e murgut Samoil. Në këtë rast, zografi Diço do ti realizoj devijimet e para në fushën e pikturës tradicionale. Murgu Samoil është një personalitet i vërtetë dhe bashkëkohorë me shikim të frymëzuar dhe vija individuale të fytyrës. I veshur me rrobe mashkullore, në dorën e djathtë mban kryqin dhe tespitë, kurse në dorën e majtë pergamenën e hapur. Ambientin në të cilin është vendosur personi, pergamena e hapur, engjëlli në këndin e sipërm të anës së djathtë dhe sytë e trajtuara në gjerësi, janë bartës të karakteristikave të artit kishtar të shekullit XIX. Qasja realiste gjatë prezantimit të fytyrës dhe tentimi që të dallohen veçoritë e karakterit të personit, qartë flasin për tentimet historike të zografit Diço në aspekt të devijimit nga skema e pikturës kishtare dhe prezantimit të personalitetit real dhe bashkëkohorë.

**Dimitar Andonov Papradishki,** zë një vend dominues në historinë e re të artit tonë figurativ. Ai ka lindur në vitin 1859 në fshatin Papradishte të Velesit. Ai ka jetuar në mjedis patriarkal i rrethuar me zograf të vetedukuar dhe me mundësi mjaftë modeste, të cilët kanë qenë të edukuar në frymën e traditës lokale bizantinase. Larg prej qendrave artistike evropiane, ata pa përjashtime kanë kultivuar pikturën konservative dhe stilin e jetë përshkrimit mesjetarë të shenjtorëve dhe ikonave. Fillet e aktiviteteve të tija në fushën e pikturës do të regjistrohen në vitet e tetëdhjeta të shekullit XIX, periudhë që karakterizohet me braktisje të jetë përshkrimit pas bizantines të ikonave dhe shfaqjes së pikturës profane. I sigurt në mundësitë e veta krijuese, ai qysh në moshë të hershme do të pavarësohet në punën e tij dhe do të filloj me hulumtime dhe zbulime të sekreteve në botën e pikturës. Atij i takon roli i promovuesit dhe paraprijësit të moduseve të reja figurative – estetike dhe përcaktimeve në fushën e pikturës në periudhën e rilindjes. Ndikim të madh për këtë, gjithsesi do të ushtrojnë edhe qëndrimi i tij në Rusi dhe kontaktet me pikturën kishtare ruse, më pas edhe qëndrimin e tij në Sofje dhe në Malin e shenjtë, si dhe puna e përbashkët me disa prej zografëve më të spikatur maqedonas. Duke i përcjell përvojat e artistëve rus, Andonov pa rezerva do të pranoj idetë për idealizim dhe pamjet e idealizuara të fytyrave të shenjtorëve. Kështu në gjithë krijimtarinë e tij artistike, tentimi që të pikturoj fytyra "të bukura" deri në shkallë të realizimeve të idealizuara do të jetë një preokupim permanent i tij dhe segment i artë që do të jetë vule e realizimeve të tija artistike.

Përskaj punimeve të shumta nga fusha e pikturës kishtare, Andonov paralelisht ka pikturuar edhe shumë vepra me përmbajtje profane të punuara në frymën e akademizmit provincial, me elemente të romantizmit naiv. Relativisht herët ai fillon të trajtoj tema me fytyra humane duke pikturuar portrete, portrete intime dhe kompozime figurale. Në pëlhurat e veta, Andonov do ti prezantoj anëtarët e familjes së tij, bashkë kohanikët e tij dhe njerëzit shtresave të ndryshme shoqërore: diplomatët, mësuesit, klerikët, tregtarët, zejtarët si dhe personalitete të spikatura nga pushteti civil dhe ushtarak turk. Ai është njëri prej artistëve të paktë maqedonas që inspirohet prej së kaluarës revolucionare, folklorit, traditave dhe prej veshjeve kombëtare maqedonase. Këto realizime të artistit, sado që duken naive, prapëseprapë shprehin çastin kombëtarë që për Papradshkin ka qenë një segment mjaftë i rëndësishëm qysh prej rinisë më të hershme të tij.

**Gjorgji Zografski** është personaliteti i dytë artistik (pas Papridishkit) përmes krijimtarisë artistike të cilit do të shqyrtohet zhvillimi i artit profan në Maqedoni në shekullin XIX.

Ai ka lindur në fshatin Papradishtë të Velesit në vitin 1871 me prejardhje prej fisit Renzovski – Zografski, prej fshatit mjak Trosonçe, stërgjyshërit e të cilit kanë qenë ndërtues, zograf, pikturues të ikonave dhe drugdhendës. Zografski është trashëgimtarë i denjë i krijimtarisë së Dimitar Andonov Papradishkit dhe së bashku me të kalojnë në periudhën e re të zhvillimit të artit figurativ në Maqedoni.

Prej fëmijërisë së hershme, Zografski ka ndjekur babin gjatë udhëtimeve të tija kurbetçare, me qëllim të mësimit të zejes së zografit. Në vitin 1887 ai do të filloj arsimin e shkurtër në Petrograd dhe Moskë, që gjithsesi do të luaj një rol të madh në jetën dhe krijimtarinë e tij. Me rëndësi të posaçme do të jetë qëndrimi i tij në Sofje, ku gjatë fundit të shekullit XIX manifestohen ndryshime rrënjësore në fushën e pikturës nën ndikimin e piktorëve akademik të Sofjes që janë arsimuar në Evropën perëndimore. E gjithë kjo, pozitivisht do të ndikoj mbi mendimet dhe orientimet e Zografskit, në aspekt të shqyrtimit të temave me përmbajtje profane. Prej kësaj periudhe (para vitit 1894) daton edhe një prej realizimeve më të bukura të tij, “Portreti i vajzës”. Përmes realizimit të kujdesshëm dhe pedantë të plasticitetit të fytyrës, buzëqeshjes së lehtë dhe shikimit që rrezaton me butësi, Zografski ia del të kap bukurinë e jashtme dhe të brendshme të vajzës. Pikturimi i flokëve, syve të mëdhenj, fytyrës dhe qafës së pastër dhe të butë, qartë flasin për një vepër mjeshtërore të realizuar nga Zografski në fillimet e karrierës së tij.

Në vitin 1907, pas vdekjes së babait të tij Jakovit, Zografski do të udhëtoj në Nish ku do të hap punëtorinë e tij artistike, ku do të pikturoj ikona për më shumë kisha dhe manastire të rrethinës së Nishit. Në këtë periudhë, Zografski do të pikturoj portrete të personaliteteve të njohura të jetës kishtare dhe politike nga Serbia. Në vitin 1912, ai do të kthehet në Veles. Periudha që pason konsiderohet si një prej periudhave më të frytshme të krijimtarisë së tij. Përskaj ikonave dhe jetë përshkrimit të shenjtorëve, ai në këtë periudhë do të pikturoj edhe një numër të madh të portreteve të personaliteteve të njohura, tregtarëve, zejtarëve dhe miqve të tij nga Velesi. Në këtë mënyrë, Zografski do të përfitoj autoritet të madh të piktorit i cili spontanisht ka pranuar rrymimet figurative në botën e artit, dhe i cili ka fisnikëruar repertorin figurativ me përmbajtje dhe ide të reja artistike, tema të frymëzuara nga jeta e përditshme dhe rrethi i afërm.

Mes zografëve – piktorëve, që kanë dhënë kontribut të rëndësishëm për zhvillimin e artit figurativ maqedonas në gjysmën e dytë të shekullit XIX dhe shekullit XX, është edhe personaliteti i **Kosta Vangellovit (1875 – 1932),** me prejardhje nga Shtipi. Arsimin fillor dhe gjimnazin e ka përfunduar në Shtip, më pas do të vazhdoj shkollimin në Sofje të Bullgarisë, te fotografi i njohur Karastojanov. Pas një periudhe kohore do të kthehet në Shtip ku do të punoj si fotograf deri në vitin 1900 ku së pari do të udhëtoj në Serbi dhe më pas në Austri, dhe më pas do të kthehet në Vojvodinë, në Ruma. Në këtë periudhë, Vangellov do ti pikturoj portretet e Ollga Shatriq (1910) nga Ruma dhe Jovan Savevit (1914) nga Shtipi. Pas trembëdhjetë viteve ai do të kthehet në Shtip si piktorë i formuar. Veprat e pikturuara në këtë periudhë kohore, qartë flasin për njohjet e tija solide të ikonografisë si dhe kuptimësimin e harmonisë dhe ekspresivitetit të ngjyrave.

Në vitin 1917 do të realizohet njëra prej veprave më të suksesshme të tija “Vajtimi i Krishtit”. Nuk njihet porositësi i kësaj vepre, por ekzistojnë të dhëna për qarkullimin e mëtutjeshëm të kësaj vepre. Përkatësisht në vitin 1920/21, piktura do të dhurohet si një prej çmimeve të lotarisë së madhe që është organizuar në Shtip, dhe atë e kanë fituar katër miq që kanë blerë tiketë të njëjtë. Më vonë, pronari i pikturës ka qenë Kole Gerasimov i cili atë ia ka dhuruar kishës Triumfi i Shën Mërisë në Novo Sellë.

Në kompozitën nuk hetohen gjurmë të traditës së vjetër bizantine, në këtë vepër trupi i pa jetë i Krishtit vajtohet nga Shën Mëria, Shën Jovani, Josipi nga Arimatea, Nikodimi dhe Maria Magdalena, ngjarja është dramatizuar me shumë lëvizje dhe mimikë. Në këtë vepër janë prezantuar vetëm dy figura: Trupi i vdekur i Krishtit, i shtrirë në arkivol dhe Shën Mëria që vajton mbi të birin e vdekur, në pjesën e poshtme të arkivolit. Në prapavijë është pikturuar shkëmbi monolit përmes të cilit depërton një dritë e dobët që kompozitës do ti dhuroj mistikë plotësuese. Gjithçka është natyrore dhe e zakonshme. Bile edhe pikëllimi i Shën Mërisë për të birin e vdekur, është shprehur në mënyrë diskrete përmes shprehjes së fytyrës dhe shtrëngimit të duarve. Vetëm kurora prej gjembave përskaj arkivolit dhe nimba e ngulfatur ndriçuese mbi kokën e Krishtit, rrëfejnë se këtu bëhet fjalë për Vajtimin e Krishtit. Edhe këtu, Vangellov, personalitetin e Shën Mërisë do të zëvendësojë me personalitetin e gruas – nënës, evidente nën ndikimin e krijimtarisë së Urosh Prediqit, karakteristike për krijimtarinë e fazës së dytë të tij.

